**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/19, 24/19, 41/14, 116/14, 190/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 22 седница одржана на 21.02.2019 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма Македонистика - Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, трет циклус студии на Филолошки факултет, Институт за македонска литература и Институт за македонски јазик при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Македонистика - Македонска книжевност и јужнословенски книжевности трет циклус студии на Филолошки факултет, Институт за македонска литература и Институт за македонски јазик при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 година (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Доктор по хуманистички науки, научно поле: наука за книжевност, научно област:македонистика**
Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки
Научно – истражувачко поле: - Наука за книжевност
Научно – истражувачко област: Македонистика.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020 .....

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.


Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
С К О П Ј Е

| Примено: | 18-03-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 18/13 | 2 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, Институт за македонска литература и Институт за македонски јазик, трет циклус студиските програми „Македонистика - Македонска книжевност и јужнословенски книжевности", на 18.10.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 19 седница, одржана на 15.11.2018 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 22 седница одржана на 21.02.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски